# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 210** **31 август 2020, понеделник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2571. | **Одлука** за избор на Владата на Република Северна Македонија........... | 2 |
| 2572. | **Одлука** за формирање на Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство................... | 3 |
| 2573. | **Одлука** за избор на судии поротници на Апелационен суд Битола........ | 3 |
| 2574. | **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Велес................... | 4 |
| 2575. | **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Гевгелија............ | 4 |
| 2576. | **Решение** од Судскиот совет на Република Северна Македонија........... | 4 |
| 2577. | **Решение** од Судскиот совет на Република Северна Македонија........... | 5 |
| 2578. | **Решение** од Судскиот совет на Република Северна Македонија........... | 5 |
| 2579. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија........................................ | 5 |
| 2580 | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт... | 6 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-88 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2571.**

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 13 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За претседател на Владата на Република Северна Македонија е избран Зоран Заев.

2. За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

- Радмила Шекеринска-Јанковска, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана,
- Оливер Спасовски, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи,
- Бојан Маричиќ, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда,
- Артан Груби, за министер кој ќе раководи со Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците,
- Бујар Османи, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи,
- Фатмир Бесими, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии,
- Крешник Бектеши, за министер кој ќе раководи со Министерството за економија,
- Арјанит Хоџа, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Венко Филипче, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство,
- Мила Царовска, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука,
- Јагода Шахпаска, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика,
- Горан Милевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа,
- Ирена Стефоска, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура,
- Јетон Шаќири, за министер кој ќе раководи со Министерството за информатичко општество и администрација,
- Благој Бочварски, за министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт и врски и
- Насер Нуредини, за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

3. За министри без ресор се избрани:

- Љупчо Николовски,
- Никола Димитров и
- Фатмир Битиќи.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 2744/1
30 август 2020 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

---

Në bazë të nenit 68 paragrafi 1 nënparagrafi 13 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe nenit 3 të Ligjit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 dhe 142/16, 140/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 98/19), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 30 gusht 2020, miratoi

**V E N D I M**
**TË ZGJEDHJES SË QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

1. Kryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut është zgjedhur Zoran Zaevi.

2. Ministrat që do t'i drejtojnë ministritë e caktuara janë zgjedhur:

- Radmilla Shekerinska - Jankovska, ministrja që do ta drejtojë Ministrinë e Mbrojtjes;
- Oliver Spasovski, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Punëve të Brendshme;
- Bojan Mariçiq, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Drejtësisë;
- Artan Grubi, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Sistemit Politik dhe të Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive;
- Bujar Osmani, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Punëve të Jashtme;
- Fatmir Besimi, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Financave;
- Kreshnik Bekteshi, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Ekonomisë;
- Arjanit Hoxha, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe të Ekonomisë së Ujërave;
- Venko Filipçe, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Shëndetësisë;
- Milla Carovska, ministrja që do ta drejtojë Ministrinë e Arsimit dhe të Shkencës;
- Jagoda Shahpaska, ministrja që do ta drejtojë Ministrinë e Punës dhe të Politikës Sociale;
- Goran Milevski, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Vetëqeverisjes Lokale;
- Irena Stefoska, ministrja që do ta drejtojë me Ministrinë e Kulturës;
- Jeton Shaqiri, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Shoqërisë Informatike dhe të Administratës;

- Bllagoj Boçvarski, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Transportit dhe të Lidhjeve;

- Naser Nuredini, ministër që do ta drejtojë Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe të Planifikimit Hapësinor.

3. Ministra pa resor janë zgjedhur:

- Lupço Nikollovski;

- Nikolla Dimitrov dhe

- Fatmir Bytyqi.

4. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e miratimit, ndërsa do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| | |
|---|---|
| Nr. 08 – 2744/1 | Kryetari i Kuvendit |
| 30 gusht 2020 | të Republikës së |
| Shkup | Maqedonisë së Veriut |
| | Mr. **Talat Xhaferi,** d.v. |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2572.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 август 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ОД СТРАНА НА ОСНОВАЧОТ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАВА СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО**

Член 1

Со оваа одлука се формира Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство (во натамошниот текст: Комисијата), заради одвивање на воспитно – образовниот процес со физичко присуство на учениците во училиштата од четврто до деветто одделение во основното образование и од прва до четврта година во средното образование.

Член 2

Комисијата е составена од тројца членови и нивни заменици, од редот на административните државни службеници, претставници на:

- Министерството за образование и наука (еден член и еден заменик);

- Министерство за здравство (еден член и еден заменик) и

- Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија (еден член и еден заменик).

Со Комисијата претседава претставник на Министерството за образование и наука, а во случај на негово отсуство го заменува неговиот заменик.

Член 3

Комисијата ги разгледува барањата поднесени од основачот на училиштето, односно од Министерството за образование и наука за училиштата чиј основач е Владата на Република Северна Македонија, за организирање на настава со физичко присуство на учениците од четврто до деветто одделение во основното образование и од прва до четврта година во средното образование и врз основа на исполнетоста на критериумите и условите согласно протоколите за соодветниот вид на училиште, донесени со Одлуката за мерките за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, епидемиолошката состојба на подрачјето на општината на која се наоѓа училиштето, бројот на децата во одделението, просторните и хигиенско – санитарните услови во училиштето и дава предлог на Владата на Република Северна Македонија за давање согласност за организирање на наставата со физичко присуство на учениците во училиштето.

Член 4

Комисијата донесува деловник за својата работа.

Член 5

Комисијата за својата работа поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија еднаш неделно.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-7879/1 | Претседател на Владата |
| 26 август 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2573.**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 на Уставот на Република Северна Македонија, член 42 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 96/19) и член 36 став 1 алинеја 4 в.в.со член 53 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр. 102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.8.2020 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

За судии поротници на Апелационен суд Битола се избрани:

1. Виктор Јаневски од Битола,
2. Наташа Бошевска од Битола,
3. Марија Лембовска од Битола,
4. Мирјана Христовска од Битола,
5. Мимоза Савевска од Битола,

6. Викторија Лазаревска од Битола,
7. Вероника – Велика Анастасовска од Битола,
8. Анета Цветковска од Битола и
9. Ивана Крстевска Бакулев од Битола.

Оваа одлука влегува во сила од 26.8.2020 година.

Бр. 02-1131/3
27 август 2020 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

---

**2574.**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 на Уставот на Република Северна Македонија, член 42 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19) и член 36 став 1 алинеја 4 в.в.со член 53 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.8.2020 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**

За судии поротници на Основен суд Велес се избрани:

1. Марјан Јаќимовски од Велес,
2. Јулијана Атанасова од Велес,
3. Убавка Темелковска од Велес,
4. Весна Несторова од Велес,
5. Тања Давчевска од Велес,
6. Марија Димовска Гиновска од с.Богомила,
7. Кристина Анастова од Велес,
8. Катерина Станковска од Велес,
9. Елита Пановска од Велес
10. Соња Трајчева од Велес,
11. Добривое Пауновски од Велес,
12. Елена Николова од Велес,
13. Дејан Цветковски од Велес,
14. Нада Ѓорѓиевска од Велес,
15. Соња Петрушевска од Велес,
16. Нела Попова од Велес,
17. Снежана Манаскова од Велес,
18. Ѓорѓи Манчев од Велес,
19. Ленче Димовска Игнова од Велес и
20. Македонка Димова од Велес.

Оваа одлука влегува во сила од 26.8.2020 година.

Бр. 02-1136/5
27 август 2020 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

---

**2575.**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 на Уставот на Република Северна Македонија, член 42 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19) и член 36 став 1 алинеја 4 в.в.со член 53 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.8.2020 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**

За судии поротници на Основен суд Гевгелија се избрани:

1. Мирјана Костадинова од Гевгелија,
2. Танка Јанчева од с.Фурка, Дојран,
3. Станојка Ангова од Стар Дојран,
4. Емилија Крантова од Гевгелија,
5. Верица Апостолова од Гевгелија,
6. Нина Упчева од Стар Дојран,
7. Николина Лицева Шаренкова од Гевгелија,
8. Мери Чурлинова Калајџиева од Гевгелија,
9. Фросина Костоска Јанева од Гевгелија,
10. Радица Чолаковиќ од Стар Дојран,
11. Јасмина Дупарова од Гевгелија,
12. Бети Дебникова од Гевгелија,
13. Катица Главчева од Гевгелија,
14. Оливер Кочев од Гевгелија,
15. Ристе Каракамишев од с.Јосифово, Валандово,
16. Ѓорѓи Коцев од Богданци,
17. Јосиф Костадинов од Гевгелија,
18. Јованка Костова од Гевгелија,
19. Соња Поп-Гонова од с. Стојаково, Богданци,
20. Стево Ѓошев од Гевгелија,
21. Дивна Стојановска од Богданци,
22. Рукије Костиќ од Гевгелија,
23. Милица Несторова од Гевгелија и
24. Лилјана Трпчевска од Богданци.

Оваа одлука влегува во сила од 26.8.2020 година.

Бр. 02-1206/3
27 август 2020 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

---

**2576.**

Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) в.в. со член 54 став 1 точка 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019), на ден 26.8.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на Лидија Кузманоска Бачевска, судија на Апелационен суд Гостивар, по сопствено барање.

Решението влегува во сила од 26.8.2020 година.

Бр. 02-0794/2
27 август 2020 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

**2577.**

Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) в.в. со член 54 став 1 точка 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019), на ден 26.8.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на Станка Кимова, судија на Основен суд Гевгелија, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Решението влегува во сила од 26.8.2020 година.

Бр. 02-0795/2
27 август 2020 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

**2578.**

Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) в.в. со член 54 став 1 точка 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019), на ден 26.8.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на Љубинка Костадинова, судија на Основен суд Кавадарци, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Решението влегува во сила од 26.8.2020 година.

Бр. 02-1291/2
27 август 2020 година
Скопје

Судски совет на Република
Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2579.**

Врз основа на член 184 став 1 точка s), член 194 став 1 и став 5 и член 215 став 1 алинеја а) од Законот за хартии од вредност(„Службен весник на РСМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 31/20), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 21.8.2020 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УТВРДУВА неправилност во работењето на Македонска берза АД Скопје заради непочитување на одредбата од член 81 став 1 од Законот за хартии од вредност поради тоа што системот за тргување на Берзата овозможил да се склучи нормална трансакција надвор од дозволеното време за тргување и заради непочитување на членот 64-б од Правилата за тргување, односно поради непостоење на правила и процедури за постапување на берзата во случај на поништување на трансакција поради сторена грешка од страна на берзата.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Македонска берза АД Скопје во рок од 120 дена од денот на приемот на ова Решение да изврши измена/надградба на системот за тргување во насока на минимизирање на веројатноста за појава на човечка грешка при администрирање на системот во делот на објавување на администраторски блок трансакции и да пропише соодветни правила односно процедури за постапување во случај на грешка.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Македонска берза АД Скопје до Комисијата да достави известување за преземените мерки за отстранување на неправилностите од точка 1 на ова решение, веднаш откако ќе истече рокот утврден во точка 2 на ова решение.

4. Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

5. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1 08-67
21 август 2020 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

Në bazë të nenit 184 paragrafi 1 pika x), nenit 194 paragrafi 1 dhe paragrafi 5 dhe nenit 215 paragrafi 1 nënpika a) e Ligjit të Letrave me Vlerë („Gazeta Zyrtare e RMV-së“ nr. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe 31/20), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më datë 21.8.2020 miratoi

**A K T V E N D I M**

1. VËRTETOHET parregullsi në punën e Bursës së Maqedonisë SHA Shkup për shkak të mosrespektimit të dispozitës së nenit 81 paragrafi 1 të Ligjit të Letrave me Vlerë ngase sistemi për tregtim i Bursës ka mundësuar që të përmbyllet transaksion normal jashtë kohës së lejuar për tregtim, si dhe për shkak të mosrespektimit të nenit 64-b të Rregullave të Listimit, përkatësisht për shkak të mosekzistimit të rregullave dhe procedurave për veprim në bursë në rast të anulimit të një transaksioni për shkak të një gabimi të bërë nga ana e bursës.

2. NGARKOHET Bursa e Maqedonisë SHA Shkup që brenda 120 ditësh nga dita e pranimit të këtij aktvendimi të kryejë ndryshim/mbindërtim të sistemit për tregtim në drejtim të minimizimit të mundësisë së paraqitjes së gabimit njerëzor gjatë administrimit të sistemit në pjesën e publikimit të transaksioneve administratore në bllok dhe të përcaktojë rregulla, përkatësisht procedura përkatëse për veprim në rast të një gabimi.

3. NGARKOHET Bursa e Maqedonisë SHA Shkup që deri te Komisioni të dorëzojë njoftim për masat e ndërmarra për mënjanimin e parregullsive të pikës 1 të këtij aktvendimi, menjëherë pasi që do të përfundojë afati i përcaktuar në pikën 2 të këtij aktvendimi.

4. Ankesa nuk e vonon zbatueshmërinë e aktvendimit.

5. Ky aktvendim do të botohet në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

Numër PA 1 08-67
21.8.2020
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetare,
Mr. Sc. **Nora Aliti,** d.v.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2580.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20 и 133/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 31.8.2020 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 60,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | 62,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 52,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 51,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 26,531 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 20,144 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | 21,806 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 19,253 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 19,073 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 19,094 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 5,291 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 5,324 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 5,614 денари/литар, за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 5,360 денари/литар, додека за Мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 2,500 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за Мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став 2 алинеја 2 од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што согласно член 24 став (3) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците при увоз и/или производство на нафтени деривати:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 23,692 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 23,692 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 18,121 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | 18,121 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 1.9.2020 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-1802/1
31 август 2020 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 16 dhe nenit 149 të Ligjit të Energjetikës („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 96/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 96/19) dhe nenit 8 të Rregullores së Formulimit të Çmimeve më të Larta të Shitjes me Pakicë të Derivateve të Ndryshme të Naftës dhe Lëndëve Djegëse të Transportit („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 108/20 dhe 133/20), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 31.8.2020, mori

## V E N D I M
## TË PËRCAKTIMIT TË ÇMIMEVE MË TË LARTA TË SHITJES ME PAKICË TË DERIVATEVE TË NAFTËS DHE LËNDËVE DJEGËSE TË TRANSPORTIT

Neni 1

(1) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe lëndëve djegëse të transportit janë:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 60,00 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 62,00 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 52,00 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 51,50 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 26,531 (denarë/kilogram) |

(2) Tregtarët me shumicë dhe tregtarët me pakicë me derivate të naftës dhe lëndë djegëse të transportit, mund të formulojnë çmime të derivateve të ndryshme të naftës dhe lëndëve djegëse të transportit edhe më të ulëta se çmimet më të larta të përcaktuara në paragrafin (1) të këtij neni.

(3) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë të formuluara në pajtueshmëri me paragrafin (1) të këtij neni, përveç çmimit të Mazutit M-1 SU, vlejnë për franko stacione të pompimit, ndërsa çmimi i Mazutit M-1 SU vlen për deponime franko të tregtarit me shumicë të derivateve të naftës dhe lëndëve djegëse të transportit në vend.

(4) Te çmimet më të larta të shitjes me pakicë të formuluara në pajtueshmëri me këtë nen, përmbahet edhe tatimi i vlerës së shtuar në pajtueshmëri me Ligjin e Tatimit të Vlerës së Shtuar.

Neni 2

(1) Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe lëndëve djegëse të transportit të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, janë të përmbajtura edhe çmimet më të larta të blerjes, të cilat arrijnë vlerë prej:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 20,144 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 21,806 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 19,253 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 19,073 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 19,094 (denarë/kilogram) |

Neni 3

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, është i përmbajtur edhe kompensimi i shpenzimeve të punës përmes depos dhe marzhës tregtare, e cila për Eurosuper BS-95 është 5,291 denarë/litër, për Eurosuper BS-98 është 5,324 denarë/litër, për Eurodizelin BS (D-E V) është 5,614 denarë/litër, për Ekstra të Lehtin 1 (EL-1) është 5,360 denarë/litër, përderisa për Mazutin M-1 SU kompensimi është 2,500 denarë/kilogram.

Neni 4

Çmimet më të larta të shitjes me pakicë të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, me përjashtim të mazutit M-1 SU, përmbajnë edhe kompensimin e shpenzimeve të transportit nga depoja deri te pompat e benzinës në vlerë prej 0,75 denarë/litër për të gjitha derivatet e naftës.

Neni 5

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të vërtetuara në nenin 1 të këtij vendimi, është i përmbajtur edhe kompensimi i financimit të aktiviteteve nga fusha e

mjedisit jetësor, të cilin në pajtueshmëri me nenin 184, paragrafi 2, nënpika 2 të Ligjit të Mjedisit Jetësor, e paguajnë tatimpaguesit e përcaktuar me këtë ligj:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 0,080 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 0,080 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 0,030 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 0,040 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,050 (denarë/kilogram) |

Neni 6

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, është i përmbajtur edhe kompensimi i rezervave të obligueshme të naftës dhe derivateve të naftës, të cilin në pajtueshmëri me nenin 24, paragrafi (3) të Ligjit të Rezervave të Obligueshme të Naftës dhe Derivateve të Naftës, e paguajnë tatimpaguesit gjatë importit dhe/ose prodhimit të derivateve të naftës:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 0,890 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 0,890 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 0,300 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 0,300 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,740 (denarë/kilogram) |

Neni 7

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, akcizat që i paguajnë tatimpaguesit në pajtueshmëri me rregullat e akcizave, kanë këtë vlerë:

| | |
|---|---|
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 95 | 23,692 (denarë/litër) |
| - Benzinë për motorë - EUROSUPER BS – 98 | 23,692 (denarë/litër) |
| - Naftë për motorë – EURODIZEL BS (D-E V) | 18,121 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie – Ekstra i Lehtë 1 (EL-1) | 18,121 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | 0,100 (denarë/kilogram) |

Neni 8

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij, ndërsa do të fillojë të aplikohet nga ora 00:01 të datës 1.9.2020 dhe i njëjti do të publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" edhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Nr. 02-1802/1
31.8.2020
Shkup

Kryetari i Komisionit
Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të
Republikës Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.**

ISSN 0354-1622
2020210